И3985

Петок, 17 октомври 1997 Дневник, 476, 9, **КУЛТУРА**

**КУЛТУРНИТЕ ОБЈЕКТИ ВО РАСПАЃАЊЕ**

# Инвестициите пресушија, во зградите продолжи да тече само дождовница

**Отворајќи ја изложбата Флуксус, прексиноќа германскиот амбасадор Клаус Шрамаер апелираше за спас на Музејот на современата уметност во кој главни експонати се легени и канти за собирање дождовница што тече од покривот. Амбасадорот ги повика граѓаните; државата со неодамнешниот рез во буџетот уште еднаш се откажа од инвестирањето во поправка на зградите на културните институции.**



*Легени за собирање вода наместо етнолошка поставка: Музеј на Македонија*

- Проблемот што го има Музејот на современа уметност е стравотен. Покривот прокиснува, зградата сè повеќе се руинира, а најлошото е што и не очекуваме никакво подобрување. Годинава ништо не ни е дадено за вакви инвестиции. Старите долгови ги влечеме уште од пред две години, кога го поправавме тоа што беше најургентно. И сега, кога мислевме дека ќе одлатиме дел од нив, дојде тој фамозен ребаланс на буџетот, вели директорот Зоран Петровски.

Легените и другите садови за собирање вода се изложени и во Музејот на Македонија. Директорката Елеонора Петрова вели дека поправката на покривот лани била одложена. "Но, оваа година место пари ни дојде ребалансот. Зградата е веќе руинирана, а тука се чува национално богатство. Единствено од овие причини доцниме со реализацијата на втората фаза од етнолошката поставка."

Ништо не е подобра ни состојбата и со објектите на другите културни институции. Во Драмскиот театар во Скопје од 1965 година не е инвестиран ни денар. Објектот изгледа катастрофално: на претставите има природен дожд, зашто целата барака, вклучувајќи ја и сцената - прокиснува. Реновирањето е проценето на околу 12 милиони ГМ.

- Ваквата положба е крајно омаловажувачка. Поради лошите услови за работа, веќе неколку актери боледуваат од ТБЦ. Во уметноста само еднаш може да се скрие - вториот пат се излегува на виделина. Во министерството ветуваа, ветуваа и - ништо. Единствена инвестиција е онаа на британскиот амбасадор, кој помогна во озвучувањето на театарот, вели директорот Благоја Чоревски.

Благоја Стефановски е директор на Битолскиот театар и претседател на Комисијата за култура во Собранието. "Нашата работа во Собранието се сведува на емотивно празнење, зашто на никого не му се потребни писмените заклучоците на Собранието дека состојбата во културата е алармантна и оти треба да се зголеми буџетот за култура. Како оперативец, ми значи и даден збор, а сега сум сведок на крајно депримирачка состојба, во која не се почитуваат никакви обврски, вели Стефановски.

Тој вели дека во Битолскиот театар со години нема пари за реновирање од државата, а интервенциите што театарот ги врши на своја рака се "колку да не падне чига. Немаме парно, озвучувањето и осветлувањето на театарот се комплетно застарени, а во сцената не е вложено од нејзината изградба во 1980 година."

Според Јован Ристов, директор на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, намалувањето на парите наменети за културата е само доказ на негрижа на државата за културата во оваа земја. Тој ги обвинува тие што му се претпоставени на Унковски, но и министерот, кој "форсира одржување разни манифестации".

- Годинава Заводот од ветените пари доби само 10 отсто. Штом се крати во делот за инвестиции, повеќе од јасно е дека поправките на зградата на Заводот и техничкото опремување, поради што не можеме нормално да работиме, ќе попричека, вели Ристов.

**Ивана Иванова**
**Лилјана Дамовска**